Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
**М А Ш И Н С К И Ф А К У Л Т Е Т – Скопје**

## ДОБИЕНА АКРЕДИТАЦИЈА

Во рамките на лабораторијата за моторни возила е извршена акредитација на калибрациона лабораторија за сила и момент на сила. Акредитацијата е извршена од страна на Институт за акредитација на Р.Македонија од каде е добиен и соодветен сертификат.

Ова е првата целосно завршена акредитација на Машинскиот факултет, согласно Законот за акредитација на РМ.

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Во декември 2006 год. потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје, Македонија и Машинскиот факултет при Универзитетот во Риека, Р. Хрватска.

Меморандумот на соработка ќе опфаќа заеднички активности во областа на едукативниот и научно истражувачкиот процес.

## ПОСЕТА

На ден 19.12.2006 год. делегација од Johnson Controls го посети МФС.

При тоа се водени разговори околу кадровското екипирање на новата фабрика која се гради во Бунарџик.

## ДОНАЦИЈА

Компанијата Johnson Controls донираше 6 CATIA CAD работни станици и дополнителна мерна опрема (цевка за мерење на импеданса со придружна опрема)

## ВОРКШОП

На почетокот на декември 2006 год. во Ректоратот на УКИМ се одржа воркшоп во рамките на проектот SCM C011B05 QAASNET на тема: Нови методологии за екстерна евалуација во високото образование, каде присуствуваа претставници на партнерските институции на проектот од Македонија и ЕУ (Англија, Грција и Германија).

МФС е координатор, а Универзитетот Македонија од Солун, Грција е контрактор на проектот.

## ВОРКШОП

Во декември 2006 год. се одржа воркшоп во рамките на проектот SCM C013B05 WEBLAB на тема: Методологии за развој на web-базиран модел за електорнско учење, каде учествуваа претставници на партнерските институции на проектот од Македонија и ЕУ (Италија и Словенија).

МФС е координатор, а Техничкиот универзитет од Торино, Италија е контрактор на проектот.

## ОБУКИ „НАОЃАЊЕ НА БИЗНИС ИДЕЈА”

Во рамките на активностите на Business Start-up Centre, на деновите 16, 17, 22 и 23 декември се одржа обуки на тема Наоѓање на бизнис идеја. Целта на обуките беше да им се помогне на студентите и неодамна дипломираните во креирањето и дефинирањето на бизнис идеи преку различни методи, техники, примери и предавања од гости-експерти.



Интересот беше голем и на обуките присуствуваа околу 200 слушатели. Крајната цел е заинтересираните да аплицираат за Натпреварот за најдобар бизнис план.

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Редакцијата на зборникот на трудови Ве известува дека новиот број на Зборникот 25/1 за 2006 е во завршна фаза на издавање.

Сите оние кои се заинтересирани за учество со труд во Зборникот 25/2 да го достават трудот кај секретарот на редакцијата, доц. д-р Никола Тунески, најдоцна до 15.01.2007 год.

## ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ

Ве известуваме дека одзивот на вработените по повод акцијата за изложба на интересни фотографии помина слабо. Имено, само 10.5% од вработените со одзваа на неа. Срамежливоста доминираше над фотогеничноста.

Во секој случај, изложбата ќе биде поставена заедно со фотографиите од нашите комшии и ќе може да ја погледате во следниот период во холот на МФС.

## КОНЦЕРТ НА ЛЕБ И СОЛ

За разлика од акцијата со изложбата, одзивот на заинтересирани за карти за концертот на Леб и Сол беше задоволителен. Бројката од 68 вработени од сите генерации кажува дека овој наш најдобар рок бенд е популарен.

Нема зборови со кои може да се опише атмосферата, енергијата и прекрасната свирка која долго ќе се помни.



Дефинитивно се легенди кои во ноќта на 9-ти декември, 2006 год. ги потврдија сите кажани и некажани, слушнати и неслушнати работи за нив!

## О Т С У С Т В А

1. Доц. д-р Виктор Гаврилоски во Германија поради учество во подготовката на TEMPUS JEP проект со Техничкиот универзитет во Ахен и посета на повеќе институции во Германија во рамки на Проектот ГТЗ за транспозиција на техничките директиви во македонското законодавство.

2. Доц. д-р Ѓорѓи Аџиев во Германија со цел посета на соодветни институции во Келн, Германија во рамки на Проектот за транспозиција на технички директиви на ЕУ од Новиот приод во македонското законодавство, на покана од ГТЗ.

3. Асс. м-р Зоран Марков во Словенија со цел престој на Турбоинститутот во Љубљана, Словенија заради реализација на активностите околу изработка на докторска дисертација.

4. Асс. м-р Искра Ветаџокоска Спасова во Полска со цел посета на Институтот за механика при Универзитетот во Краков, Полска во врска со изработка на докторска дисертација.

5. Проф. д-р Ристо Цицонков во Србија со учество на Конгресот за климатизација, греење и ладење во Белград, Србија со презентација на сопствен труд.

6. Проф. д-р Марко Серафимов во Србија поради учество на 37 Меѓународен конгрес за климатизација, греење и ладење во Белград, Србија со презентација на сопствен труд.

7. Доц. д-р Атанас Кочов во Словенија поради размена на податоци за научно-истражувачкиот проект "Конкурентното инженерство во алатничарството во Македонија", финансиран од МОиН на РМ.

8. Доц. д-р Валентина Гечевска во Италија на Техничкиот универзитет во Торино со цел реализација на активности на TEMPUS SCM WEBLAB проектот и на Универзитетот во Минхен, Германија во рамки на FP6 проектот.

9. Проф. д-р Татјана Кандикјан во Германија поради учество во подготовката на TEMPUS JEP проект со Техничкиот универзитет во Ахен.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**29.12.2006**
***петок, 11 часот, нова зграда***
**СВЕЧЕН КОКТЕЛ**
**НОВОГОДИШНИ И БОЖИЧНИ ПРАЗНИЦИ**

**26.01.2007**
**26 СЕДНИЦА НА ННС**

**Година 2006, декември, број 56**

# ФАКУЛТЕТСКИ
# ИНФОРМАТОР

## ПЕТ ГОДИНИ ИНФОРМАТОР

*Роденденскиот број на факултетскиот информатор беше повод да се подготви брошура "5 Години Факултетски Информатор" која во себе ги содржи сите информатори издадени досега. Тоа се 56 броја.*

*Подготовката на брошурата беше убава прилика да се хронолошки "прошетаме" низ минатите 5 години, сеќавајќи се на настаните и активностите кои го пратеа МФС во изминатиот период.*

*Продолжуваме понатаму....*

...Месецов што помина беше исполнет со активности. Повторно не посети делегација од Johnson Controls, потоа се одржа дводневен семинар во Business Start-up Centre, се одржаа неколку воркшопа, се работи со студентите, редовни проверки на знаењето е во тек, имавме акција за крводарителство, организирана посета на концерт...

Ни престојат новогодишните и божичните празници кои само може да помогнат во освежувањето и обновувањето на силите со кои ќе ги постигнеме зацртаните цели и задачи.

***Среќни празници !***

## ПАТЕНТ НА ГОДИНАТА

Завдот за индустриска сопственост на РМ го прогласи патентот: "Автоматски континуиран менувач на притисок во цилиндрите на шинските возила тип ИХМ" за патент на годината 2006. Автори на патентот се проф. д-р Иван Мицкоски и асс м-р Христијан Мицкоски од МФС.




Патентот беше изложен на светската изложба за пронајдоци "ИЕНА 2006г, Нинберг - Германија.

На изложба учествуваа пронајдоци од 32 земји, а патентот на проф. д-р Иван Мицкоски и асс м-р Христијан Мицкоски беше награден со златен медал.

На истата изложба Стопанската Комора на Р. Хрватска го награди пронајдокот со Бронзена Арка.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***